| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
| --- | --- |
| Назив на планскиот документ | Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, Сашко Иванов Дооел од Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина  Дојран |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
| --- | --- |
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Блажо Катранџиев |
| Назив на работното место | Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина |
| Контакт податоци за лицето | 034 225-278 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Предмет на договорот е изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран, со плански период 2022-2027.

Предметниот Урбанистички план вон населено место е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, број 32/20) - Правилникот за за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, број 225/20, 219/2021, 104/22), односно ќе ги содржи следните плански елементи: граница на плански опфат, граници на намената на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини, просторна организација и услови за градење, општи и посебни услови за градење и режим на користење на земјиштето и градбите, регулациони линии на примарната сообраќајна мрежа, планско решение за сообраќајната мрежа со елементи за обликување на сообраќајниците, плански решенија на водовите и објектите од комуналната инфраструктура, мерки за заштита и спасување и друго.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Се вршат измени на намената на постојниот плански документ.

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Површината на планскиот опфат е опфатена со постојна урбанистичка документација и тоа:

- Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран, со вкупна површина на планскиот опфат од 2,81 ха. Со овој план беше предвидена намената Г2, Лесна и незагадувачка индустрија како основана класа на намена со површина од 20099,94м2, Д2-заштитно зеленило со површина од 3854,84м2 Заштитен појас на пат со површина од 3220,66м2, Е1 Сообраќајници со површина од 953,28м2

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

ДА – просторно и урбанистичко планирање.

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка:/ | Алинеја:/ |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

За планскиот документ е спроведена постапка за оцена на влијанијата врз животната средина за претходните класи на намени

На ниво на план во предходна постапка утврдено е дека проектите влегуваат во Прилог II, односно Проекти за кои задолжително се врши оцена на

| |
|---|
| влијанијата врз животната средина или се утврдува потребата од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Примарна цел на овој плански документ е овозможување на услови за изградба на површински соларни и фотонапонски електрани.<br>На предметниот простор, кој е делумно реализиран, потребно е предвидување содржини со цел за нивна реализација и решавање на нивниот статус во склад со потребите на корисниците и Општината.<br>Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. (УПВНМ за стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран) |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2022-2027 година. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Подрачјето на планскиот опфат за стопански комплекс за винарија, м.в Циндричева шума КО Сретеново, Општина Дојран со површина од 2,81 хектар на дел од КП бр 274, дел од КП 277 и дел од КП 393 е дефиниран со следните граници:<br>На исток: се движи по оската на локалниот пат кој поминува опфатот на дел од КП 393, на југ:<br>Се движи по оската на локалниот пат кој поминува опфатот на дел КП бр 393 и по границата на дел од КП 277, на запад:<br>Се движи во правец север – југ и зафаќа дел од КП 277<br>На север: се движи по границата на дел од КП 277 и на дел од КП 244. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не √ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој план, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Предметната локација се наоѓа во близина на село Сретеново, на оддаленеченост од околу 850 метри воздушна линија, на 1.5 км воздушна линија од Дојранско Езеро и на околу 576 метри од границата со Р. Грција.<br>Поконкретно локацијата на опфатот се наоѓа јужно од регионалниот пат Р 1105, Давидово (врска со Р 1102) – Удово (врска со А1) – Валандово – Раброво – Дојран – граница со Грција (Сретеново) и делница Стар Дојран граница со Грција (Николиќ).<br>Поранешна категоризација на регионалниот пат Р 604 и преку локален пат се доаѓа до планскиот опфат.<br>Засегната популација се жителите од Општина Дојран. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |

| | |
|---|---|
| Демографски пораст и предизвикување позитивни ефекти врз целото непосредно опкружување, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, развој на стопанството. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Нема. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметната локација не е евидентирано културно наследство |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема гранични вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Необработено земјоделско земјиште, пасишта и шуми |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Предметната локација за која се планира изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран, со вкупна површина на планскиот опфат од 2,81 ха не се наоѓа во близина, односно во границите на регистрирано и евидентирано природно наследство, и тоа: ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО СП (заштитен). |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со донесувањето на овој Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија преку уредување на земјиштето опфатено со планската документација, обезбедување услови за развој и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците на недвижности за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.<br>Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и Градот Дојран и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.<br>Input на вкупната економска вредност на планските решенија се сите компоненти поврзани со изработката и реализацијата на Планот содржани во Економската матрица на Урбанистичкиот план.<br>Урбанистичкиот план ќе овозможи отпочнување на инвестиција која брзо ќе се рефлектира врз зголемување на општинскиот приход. Ваков вид Урбанистички план кој има значајна развојна вредност ќе придонесе за унапредување како на локалната така и на националната економија преку уредување на земјиштето опфатено со Планската документација и ефектуирањето на економската функција во доменот на производство на енергија. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, | |

| |
|---|
| објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За предметниот опфат постои важечка планска документација. УПВНМ за стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран,за кој предходно има спроведено постапка за стратегиска оцена и е поврзана со следниве документи:<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Стратегиска оцена на животна средина има спроведено за:<br>1. УПВНМ за стопански комплекс – винарија м.в.Циндричева шума КО. Сретеново, општина Дојран,<br>Истата е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина и дадено е мислење по Извештај за стратегиска |

<table>
<tr><td colspan="2">оцена на животната средина со бр.15-6728/2 од 17.07.2012година.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Анго Ангов</td></tr>
<tr><td>Бр.УП1Бр.12-128<br>Датум 18.01.2023 год.<br>Место општина Дојран</td><td>М.П.</td></tr>
</table>